**20260961471**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 април 2026 година.

Бр. 08-3044/1
29 април 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), во член 4 во ставот (3) во алинејата 1 по зборот „енергетските“ се става запирка, а зборот „метални“ се заменува со зборот „металичните“.

Член 2

Во член 10 во ставот (9) зборовите: „алинеја 1“ се заменуваат со зборовите: „алинеи 1 и 6 “.

Член 3

Во членот 55 во ставот (2) во алинејата 1 по зборовите: „нема влијание на површината“ се додаваат зборовите: „или одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација согласно со Законот за експропријација, за  минералните суровини од членот 4 став (2) алинеја 1 од овој закон  кои се од јавен интерес“.

Член 4

Започнатите постапки за издавање на дозволи за експлоатација на минералните суровини од член 4 став (2) алинеја 1 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25) до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.